Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 03-09-2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4397 | 1 | |

**ИЗВЕШТАЈ**
**од контролниот надзор на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ, емитуван на 26 август 2014 година**

***Предмет на надзорот:***

- **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (давателот на аудиовизуелни медиумски услуги е должен пред програмите кои би можеле да му наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица да обезбеди акустично предупредување и визуелни знаци во текот на нивното времетраење).

*На 15 јули 2014 година, за непочитување на член 50 став 3 од Законот, констатирано со вонредниот надзор на програмскиот сервис емитуван на 21 јуни 2014 година, в.д. директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена на ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Според податоците од Македонска пошта, радиодифузерот го примил решението на 16 јули 2014 година, оттаму рокот за усогласување заврши на 14 август 2014 година.*

***Констатации:***

Со контролниот надзор на програмскиот сервис на ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ, емитуван на 26 август 2014 година, е утврдено дека субјектот на надзорот (радиодифузерот), во целост постапил по решението, односно ја отстранил извршената повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*03.09.2014 година*